Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 09-3354/1
31.03 2021 год.-vit
Скопје-Shkup

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура** | **Ministria e Kulturës**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА

Министер
Ирена Стефоска

Скопје, ______ март 2021 г.

***СОДРЖИНА***

- **ВОВЕД ................................................................................................................................4**

1. **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА .........................................................5**
2. **СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА.....................................................................................................................6**

- Драмска дејност
- Музичко-сценска дејност
- Фолклорна и сценско-уметничка дејност
- Визуелни уметности, архитектура и дизајн
- Интердисциплинарна дејност – мултидисциплинарна програма

3. **СЕКТОР ЗА КНИГА..........................................................................................................18**
4. **СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО...........................20**
5. **СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО..................................................................................................................27**
6. **СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ..........................................................33**
7. **СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ..........................................................36**
8. **СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.................................................................................39**
9. **СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА.........................................................................................41**
10. **СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР..................................45**
11. **СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА.................46**

***ВОВЕД***

Обврската за подготовка и објавување на овој извештај произлегува од членот 70-г од Законот за културата според кој, Министерството за култура, до крајот на месецот март во тековната година, донесува годишен извештај за работата на Министерството за култура за претходната година и го објавува на веб-страницата на Министерството за култура.

Извештајот содржи податоци за реализацијата на проектите што се финансирани од Министерството за култура по конкурси, за програмите на националните установи, за проектите од годишната програма за инвестиции во културата и за други активности од надлежност на Министерството за култура.

Во 2020 година, пандемијата предизвикана од ширењето на вирусот КОВИД-19 значително влијаеше на динамиката на културниот живот во Република Северна Македонија, како и на претставувањата во меѓународни рамки. Националните установи ја остваруваа својата дејност само во период од 6 месеци, што се одрази на нивната продукција. Исто така, голем дел од проектите што беа поддржани во рамките на Годишните конкурси не се реализираа, односно беа откажани од страна на нивните носители или од организаторите на настаните во странство. Реализацијата на проектите, генерално, се одвиваше на отворен или во затворен простор со исполнување на 50%, односно 30% од капацитетите на просторот. За првпат беа реализирани и онлајн изложбени презентации, работилници, конференции и сл., кои беа поставени на електронските медиуми, со што се обезбеди нивна видливост и достапност за пошироката јавност.

Министерството за култура ги имплементираше мерките на Владата на Република Северна Македонија и на Министерството за здравство кои се однесуваа на здравствената превенција и се фокусираше на изнаоѓање можности за поддршка на најранливите категории во културниот сектор, кои во моментот трпат и егзистенцијални последици. Во таа смисла, Владата донесе уредби со законска сила: за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба, за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба, за финансиска поддршка на уметниците и на други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба. Исто така, беа донесени и Одлука за финансиска поддршка на уметниците и на културните работници, Одлука за финансиска поддршка на филмските работници и Одлука за финансиска поддршка на самостојните уметници.

Во програмска смисла, пандемијата предизвикана од ширењето на КОВИД-19 јасно ја лоцираше и потребата од засилена поддршка на иновативните форми

на соработка во културата, активно користење на комуникациските технологии итн.

## 1. *СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА*

Буџетот на Министерството за култура за 2020 година изнесуваше 3.462. 483.000,00 денари, и тоа за раздел 18001 – Министерство за култура 321.583.000,00 денари и за раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата 3.140.900.000,00 денари. Учеството на културата во вкупниот буџет на Република Северна Македонија во 2020 година беше 1,44 %, односно буџетот, во однос на 2019 година, беше зголемен за 0,07 %, а во однос на буџетот за 2018 година беше намален за 0,30 %. Во текот на годината се донесоа два ребаланса на буџетот:

| Буџет за 2020 година | | Раздел 18001 Министерство за култура | | Раздел 18010 Финансирање на дејностите од областа на културата | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.462.483.000,00 денари | | 321.583.000,00 денари | | 3.140.900.000,00 денари | |
| Прв ребаланс: | Втор ребаланс: | Прв ребаланс: | Втор ребаланс: | Прв ребаланс: | Втор ребаланс: |
| 3.132.967.000,00 | 3.213.463.000,00 | 292.463.000,00 | 289.043.000,00 | 2.840.504.000,00 | 2.924.420.000,00 |

Буџетот во разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата беше распределен по следниве намени:

| Буџет 2020 година | 3.140.900.000,00 | Процент на учество во вкупниот буџет |
|---|---|---|
| Плати | 1.338.800.000,00 | 42,62 |
| Комунални услуги | 160.000.000,00 | 5,09 |
| Блок-дотации | 297.000.000,00 | 9,46 |
| Програма | 980.100.000,00 | 31,20 |
| Инвестиции | 365.000.000,00 | 11,62 |

Забелешка: Во буџетот за 2020 година/Програма се евидентирани и пренесените обврски од 2019 година кои произлегоа од реализираната Годишна програма во 2019 година и се во износ од 130.000.000,00 денари. Пренесените обврски од 2020 година во 2021 година изнесуваат 174.935.098,00 денари и

истите произлегуваат од Годишната програма во 2020 година и ребалансите на буџетот.

## 2. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

### ➢ ДРАМСКА ДЕЈНОСТ

Во 2020 година средствата од драмската дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 46.888.971,00 |
| - програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 30.142.775,00 |
| - трошоци за струја, комуналии, греење | 13.500.000,00 |
| - отпремнини и парична помош за вработените | 768.196,00 |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 11.834.174,00 |
| Театарска продукција на професионални претстави | 6.440.000,00 |
| Театарска продукција на непрофесионални/аматерски претстави | 540.000,00 |
| Гостувања во Република Северна Македонија | 20.000,00 |
| Театарски фестивали и манифестации | 3.904.174,00 |
| Публикации | 180.000,00 |
| Работилници, истражувачки и едукативни проекти | 750.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од драмската дејност беа поддржани 145 проекти, од кои се реализираа 77 проекти, односно 53 % од одобрените проекти во 2020 година, и тоа:

- 48 професионални претстави (18 премиери во театрите и во центрите за култура и 30 независни проекти, од кои: 23 на македонски јазик, 23 на албански јазик, 2 на турски јазик и 1 на ромски јазик);
- 6 проекти од категоријата аматерски/непрофесионални претстави (4 на македонски јазик и 2 на албански јазик);
- 1 гостување (на македонски јазик);
- 3 проекти од категоријата работилници, истражувачки и едукативен проект (на македонски јазик);
- 2 публикациии (една на македонски јазик и една на албански јазик);

- 17 театарски фестивали и манифестации (10 на македонски јазик, 6 на албански јазик и 1 на ромски јазик).

Во однос на продукцијата на националните установи – театри и центри за култура, треба да се издвои дека НУ Драмски театар – Скопје, НУ Театар за деца и младинци – Скопје и НУ Центар за култура – Велес реализираа по 3 премиери; НУ Турски театар – Скопје, НУ Тетовски театар, НУ Гостиварски театар, НУ Центар за култура – Прилеп и НУ Центар за култура – Штип реализираа по 2 премиери, додека Македонскиот народен театар ја базираше својата активност на веќе постојниот репертоар.

Освен со одобрените претстави од страна на Министерството за култура, театрите го збогатија репертоарот и со поставување продукции од сопствени средства и од други извори:

- Театарот „Комедија“ од Скопје го организираше Фестивалот на комедијата „Гола месечина“;
- Турскиот театар од Скопје ја реализираше претставата за деца „Девојчето со кибритчиња“;
- Театарот за деца и младинци од Скопје ја реализираше претставата за младинци „Што е силеџија“;
- Прилепскиот театар ја организираше манифестацијата „Недела на театарот“ во чест на 70-годишниот јубилеј;
- Кумановскиот театар ги реализираше претставите „Приказна за една шума“, „Солдат“ и „Трнорушка“;
- Велешкиот театар ги реализираше претставите: „Сестрите Прозорови“ и „Сара“;
- Штипскиот театар ја реализираше претставата „ЈЗУ Европа“.

Во контекст на независната и алтернативната продукција на професионални претстави, само дел од нив имаа континуитет во претставувањето пред публика имајќи ги предвид безбедносните и здравствените протоколи во корелација со камерноста на претставите. Меѓу нив се издвоија: претставата „Последните ленти на Крап“ на Ѓорѓи Јолевски, претставата „Ратка“ на здружението „Артопија“, монодрамата „Исмена“ на Катерина Момева, претставата „Show time“ на здружението „Хитрат“, претставата „Човек перница“ на друштвото „Машина продакшн“, претставата „Магионичарски круг“ на Друштвото за филмска продукција, театар, трговија и услуги „Ода“ и др.

Во однос на застапеноста на реализираните проекти по општини, беше евидентна активноста на полето на драмската дејност во Скопје, Куманово и во Тетово.

Во 2020 година македонската културна јавност имаше можност да проследи изведби на дела во режија на: Слаѓана Килибарда, Бојана Лазиќ, Љупчо Ѓоргиевски, Андреј Цветановски, Деан Дамјановски, Срѓан Јанаќијевиќ, Билјана Радиноска, Ѓорѓи Ризески, Драгана Стојчевска-Гунин, Кристина Димитрова,

Александар Ивановски, Драгана Таневска, Горјан Аревски, Елеонора Теова, Бесфорт Идризи, Ќендрим Ријани, Фитим Селими, Куштрим Бектеши, Афеида Боричи, Сибел Абдиу, Сулејман Рушити, Нехат Мемети, Ќазмедин Нуредини и др.

Застапени беа текстови на врвни дела од светската драматика, како и дела од домашното творештво, и тоа:

- автори од странство: Молиер, Чехов, Гогољ, Брехт, О’Нил, Мекмилан, Мартинез, Куни, Мајенбург, Мегдона, Чапек, Померат, Феридун итн.;
- домашни автори: Горан Стефановски, Катерина Момева, Даниел Петровски и Јован Дамјановски.

Во програмата за драмска дејност во 2020 година беа застапени и театарските фестивали и манифестации. Се реализираа 17 театарски фестивали и манифестации во 11 општини – 8 во Скопје и по 1 фестивал/манифестација во: Струмица, Прилеп, Куманово, Штип, Виница, Гостивар, Дебар, Ресен и Струга. Интенцијата на организацијата на фестивалите/манифестациите беше да се одржи континуитетот на традиционалните настани и во таа смисла, во национални рамки, со инцидентно присуство на ансамбли од странство, се реализираа: Меѓународниот фестивал на камерен театар „Ристо Шишков” во Струмица, Меѓународниот фестивал на пантомима и физички театар „ПАНФИЗ” во Скопје, Меѓународниот театарски фестивал „Скупи фестивал” во Скопје, Театарскиот фестивал „Отхело“ во Гостивар, Театарскиот фестивал за деца и младинци „Малиот принц“ во Штип, Меѓународниот театарски фестивал „Денови на комедијата“ во Куманово, Интернационалните студентски средби на факултетите и академиите за драмски уметности „СКОМРАХИ 2020“, Интернационалниот театарски фестивал „Млад отворен театар” во Скопје и др.

**Самостојни уметници**

Во рамките на програмата, на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2020 година, беа поддржани 3 лица – самостојни уметници од областа на драмската дејност.

## ➢ МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ

Во 2020 година средствата за музичко-сценска дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 55.702.607,00 |
| - програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 41.879.511,00 |
| - трошоци за струја, комуналии, греење | 13.040.150,00 |
| - отпремнини и парична помош за вработените | 782.946,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 86.145.696,00 |
| - Општини и локални установи | 2.900.000,00 |
| - Други корисници | 39.610.696,00 |
| - Физички лица | 9.240.500,00 |
| - Дигитален аудиозапис ЦД | 960.000,00 |
| - Хорови | 1.355.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од музичко-сценската дејност беа поддржани 387 проекти од кои: 66 проекти на национални установи, 174 на граѓански здруженија и 147 проекти на физички лица. Од нив се реализираа 343 проекти, односно 89 % од одобрените проекти во 2020 година.

Во однос на продукцијата на установите, Националната опера и балет ги постави на својата сцена премиерата на оперетата „Лилјакот", традиционалниот концерт по повод празникот Василица и балетската обнова на „Жизел", додека во рамките на концертната сезона на Националната филхармонија беа реализирани голем број симфониски концерти, и со голем успех детски и камерни концерти.

Во рамките на програмските содржини на националните установи низ државава беше обезбедена поддршка за музички проекти и концертни претставувања на репродуктивни музички уметници од сите генерации и во различни формации, во центрите за култура во Битола, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Кочани, Куманово, Неготино, Прилеп, Струга и во Струмица.

Во 2020 година забележлива беше активноста на локалните установи, домовите на културата низ Македонија и на територијата на Град Скопје, при што со особено внимание беше проследена програмата на ЈУ Младински културен центар каде што традиционално се одржаа Фестивалот на нова музика „Здраво млади", Годишниот концерт во МКЦ и манифестацијата „Звуците на чаршијата" во организација на ЈУ Културно-информативен центар.

Беа реализирани многубројни концерти на млади уметници, како и на веќе афирмирани репродуктивци како: Ана Пандевска, Фунда Али, Неџат Мујови-Вирус, Владимир Костов, Гордана Јосифова-Неделковска, Ана Гацева, Славица Петрова-Галиќ, Крсте Роџевски, Ѓурѓица Дашиќ, Сихана Речи и др.

Сојузот на музичките уметници на Македонија (СМУМ) традиционално го организираше фестивалот „Златна лира“ 2020.

Во рамките на програмата за 2020 година, пред публиката беа претставени и проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи на истакнати уметници од музичко-сценската дејност: циклус концерти по повод јубилејот „30 години уметничка дејност на Гордана Јосифова-Неделковска“; Културниот центар Интерарт со „Скопје танцов театар“ го одбележа јубилејот „30 години кореографско творештво на Рисима Рисимкин“, ЗГ Славејчињата на Кораб го прославија 10. јубилејно издание на фестивалот „Славејчињата на Кораб 2020“ итн.

Во согласност со заложбите за унапредување на културата на најмладите, во рамките на селектираните проекти од национален интерес беше поддржана реализацијата на оперските, балетските и на симфониските изведби наменети за децата; осум детски фестивали и проекти на македонски јазик, како и на јазиците на заедниците. Заложбите за градење на публиката и едукацијата на најмладите беа изразени и преку поддршката на активноста на детските хорски состави, како што е Градскиот детски хор „Лале“ од Тетово кој има долгогодишна традиција на постоење.

Во насока на определбите на Министерството за култура за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со настојувањата на Владата на Република Северна Македонија за збогатување на културната понуда за лицата со специфики, беше поддржана иницијативата на Здружението на граѓани за деца, млади, возрасни, родители и лица со посебни потреби „Еурека културен центар“ – Скопје со проектот „Инклузивна танцова претстава- Ѕвонарот на Богородичната црква“.

Поддршката во музичко-сценската дејност овозможи да се реализираат и традиционалните манифестации, како: „Охридско лето“, „Денови на македонската музика“, „Интерфест“, „Скопски џез-фестивал“, „Оф-фест“, „Танц-фест“, „Макфест“ и др.

**Самостојни уметници**

Во рамките на програмата, на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2020 година, беа поддржани 37 лица – самостојни уметници од областа на музичко-сценската дејност.

## ➢ ФОЛКЛОРНА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Во 2020 година средствата за фолклорна дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 35.512.675,00 |
| - програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 12.789.755,00 |
| - трошоци  за струја, комуналии, греење | 21.527.860,00 |
| - отпремнини и парична помош за вработените | 1.195.060,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 9.415.000,00 |
| - Општини и локални установи | 130.000,00 |
| - Други корисници | 7.760.000,00 |
| - Физички лица | 1.525.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од фолклорот и сценско-уметничката дејност за 2020 година беа поддржани 247 проекти, и тоа: 74 проекти на национални установи и 173 проекти на други корисници. Од нив беа реализирани 217 проекти, односно 88 % од одобрените проекти во 2020 година.

Во рамките на програмските активности на националните установи од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ и Ансамблот за албански ора и песни во Република Северна Македонија, беа реализирани многубројни концерти со кореографии од различни региони на Република Северна Македонија; беа изготвени аранжмани и кореографии за различни народни ора и песни;  беше извршен откуп на народни носии и делови од носии, накит и додатоци на носии; беше реализирана заштита на нематеријалното културно наследство на НУ „Танец“ преку видеодокументирање, како и издавање збирка нотографии на антологиски песни, ора и кореографии. Овие две единствени национални установи од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност  во Република Северна Македонија реализираа вкупно 21 проект, за кои беа издвоени 9.990.000,00 денари.

Во рамките на програмските содржини на центрите за култура беа поддржани сценско-уметнички проекти и концертни претставувања на културно-уметнички здруженија и на фолклорни групи од сите генерации и во повеќе различни формации во 16 центри за култура, и тоа во: Тетово, Кичево, Дебар, Штип, Делчево, Куманово, Струмица, Битола, Прилеп, Неготино, Гостивар, Струга, Охрид, Крива Паланка и Кочани.

Активностите на локалните установи забележително беа збогатени со сценско-уметнички настани во домовите на културата низ државава и во локалните установи на територијата на Град Скопје.

Во рамките на сценско-уметничките проекти и концертни претставувања на културно-уметничките здруженија и фолклорните групи беа реализирани многубројни концерти и фестивали: Концертот по повод 74 годишнината од постоењето на Ансамблот „Кочо Рацин“, Меѓународниот фолклорен фестивал „Гази Баба 2020", Концертот за деца на народни песни и ора на традиционална кичевска песна, Јубилејот 40 години Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК" – Делчево, манифестациите „Шарско фолклорно лето“, „Гостиварска софра“,„Денови на Кирил Пејчиновиќ – 2020“, Меѓународниот фолклорен фестивал на народни песни и игри од Македонија и Србија, Ромските фолклорни денови и др.

Во рамките на Годишната програма за 2020 година беше поддржано издавање на ЦД и ДВД-изданија со песни како и монографии на корисници – физички лица.

Во рамките на програмата за 2020 година беа реализирани проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи, како: 70 години постоење на ГАКУД „Браќа Ѓиноски“ – Гостивар; 45 години Фолклорен ансамбл „Китка“ – Истибања; 65 години постоење на КУД „Илинден“ – Битола и др.

Во согласност со заложбите за унапредување на културата кај најмладите, во рамките на поддржаните проекти од национален интерес се издвоија: „Концертот на народни песни и ора на традиционална кичевска песна за деца “ на Здружението СХ.К.А. Ј.А. с. Стрелци, Осломеј, „Фестивалот на народни песни – Орел за деца" на Здружението „Дитуриа“, „Креативната работилници за деца со посебни потреби – И ние сме како другите" на Здружението „Златна рака“ и др.

Во делот на манифестации, традиционално во 2020 година се организираа: „22 Ноември - Денот на албанската азбука“, „Десет дена Крушевска Република“, Фестивалот на ора и песни „Кенге Јехо“ и други.

- **ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**

Во 2020 година средствата за визуелни уметности, архитектура и дизајн беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 6.870.000,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 13.453.711,00 |
| Локални установи | 1.925.711,00 |
| Здуженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти | 7.185.000,00 |
| Физички лица | 4.343.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од визуелните уметности, архитектурата и дизајнот беа поддржани 473 проекти – 184 проекти на национални установи и 289 проекти на други корисници. Од нив беа реализирани 316 проекти, односно 67 % од одобрените проекти во 2020 година.

Оваа дејност во 2020 година се развиваше преку реализација на изложбени активности (во галериските простори, во изложбените салони на музеите, во центрите и домовите на културата, но и на други алтернативни локации), кои презентираа остварувања од продукцијата на современите ликовни уметници, притоа оставајќи соодветно место за расветлување на проблемски, тематски и стилски аспекти од актуелните тенденции во уметноста.

Во рамките на зголемените буџетски средства по Годишниот Конкурс за развој на оваа дејност голем акцент беше ставен на проектите поднесени од здруженијата на граѓани и физички лица, односно 65 % од предвидените средства беа издвоени за поддршка на иницијативите на граѓанскиот сектор.

Со соодветни безбедносни протоколи, пред културната јавност се претставија значајни изложби на автори кои имаат оставено силен белег во градењето на македонската ликовна сцена, од кои се издвојуваат: Ретроспективно-монографската изложба на Јован Шумковски; „Омажот на Иван Велков“, Ретроспективно-монографската изложба „30 години творештво Решат Амети“; Самостојната изложба на фотографии на Милчо Манчевски; „Конкурсот за млад уметник“; „Конкурсот за зрел уметник“ и др.

Исто така, во согласност со приоритетите на дејноста, беа реализирани и тематски проекти, како и проекти кои прават пресек на одредени периоди и стилски аспекти од актуелните тенденции во уметноста, и тоа: „Од циклусот на проблемски изложби на МСУ: 70-те и 80-те години (децениски диферентен однос кон актуелните тенденции во македонската ликовна уметност  континуитет или дисконтинуитет)“, „Трет простор“, „Panic Room“ и др.

Во 2020 година пред културната јавност беа претставени и творечките опуси на рецентни автори од постарата и од помладата генерација. Во таа смисла, со особено внимание беа проследени изложбите и проектите: „Везење на каменот“ од Моника Мотеска, „Пејзажни фасцинации 20“ од Атанас Атанасовски, „Мице ЈАНКУЛОВСКИ  50 години творештво - форма 1 I Форма 2 I Форма 3“, „Изложба на слики од авторот Станко Георгиев“, „Боро Пејчинов: Едноставноста како мајсторство“, Изложба на Невзат Бејтули Кица и др.

На младите автори, како движечка сила во современите ликовни процеси, покрај поддршката на високообразовните институции за реализација на повеќе проекти, им беше овозможено и институционално активно вклучување, односно поддршка на сите први самостојни презентации, магистерски изложби, како и други рецентни претставувања.

Во согласност со принципиелната поставеност за рамноправен третман во поддршката на потенцијалните корисници на буџетски средства, покрај разбирливата поткрепа на националните, локалните и на други установи, беа поддржани и голем број здруженија, асоцијации и поединци кои во значителна мера влијаат врз остварувањето на ликовната дејност и профилирањето на ликовната клима. Како позначајни проекти, се истакнаа: „Зимски салон“ и други 6 проекти кои традиционално се реализираат од ДЛУМ; „Меѓународниот салон за стрип“ во организација на Стрип центарот на Македонија  Велес; „Деновите на македонска фотографија“ во организација на Фотосојузот на Македонија; „Слово Култ литература  биенале, фестивал за современа поезија/текст и уметност“ во организација на ЗЛУКР Арт Еквилибриум  Гевгелија; „Ликовната критика денес“ во организација на АИКА како и многубројни годишни изложби на друштвата на ликовните уметници од Битола, Тетово, Гостивар, Виница, Кавадарци, Куманово, Гевгелија и др.

Во таа насока, значаен напредок се постигна со поддршката на одделни проекти, кои имаа цел, преку визуелните уметности, социјално да интегрираат одредени маргинализирани групи од најранлива категорија.

Соодветно место во практицирањето на дејноста во целост им припадна и на ликовните колонии: Струмичката, Кумановската, Галичката, Гостиварската, Лесновската и Копаничарската ликовна колонија; Св. Јоаким Осоговски – Крива Паланка; Ликовната колонија во Тетово; Ликовната колонија во Белчишта – Дебрца; Михајлово арт во Кавадарци; Мал битолски Монмартр – Битола и други. Покрај наведените колонии, во 2020 година поддршка добија и колонии кои главно имаат локален карактер – некои од нив наменети за деца, млади и студенти, а најголемиот дел од нив беа поддржани од Министерството за култура за првпат.

**Самостојни уметници**

Во рамките на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2020 година, беа поддржани 47 лица – самостојни уметници од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот

- **ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА ДЕЈНОСТ  МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНА ПРОГРАМА**

Во 2020 година средствата за интердисциплинарна дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 21.219.000,00 |
| Интердисциплинарни проекти | 16.169.000,00 |
| Мултидисциплинарни проекти | 1.200.000,00 |
| Трансдисциплинарни проекти | 2.850.000,00 |
| Нови модели на јавни простори во културата | 1.000.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од интердисциплинарната дејност беа поддржани 115 проекти, од кои: 93 проекти на здруженија на граѓани, 14 на физички лица и 8 на други корисници. Од нив беа реализирани 107 проекти, односно 93 % од одобрените проекти во 2020 година.

Во согласност со приоритетите во оваа дејност, беа поддржани проекти и активности кои ги стимулираат креативниот и уметничкиот потенцијал на сите граѓани независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и старосна припадност; проекти кои го лоцираат независниот културен сектор како важен социокултурен чинител; проекти кои го негуваат културниот диверзитет, уметничкото творештво и проекти со кои се промовираат еднакви можности за сите.

Поддржаните интердисциплинарни и мултидисциплинарни проекти обработија теми со активности или комбинација на активности и пристапи од повеќе уметнички дејности и социокултурни области или паралелни активности во различни уметнички дејности. Во рамките на Конкурсот беа поддржани и трансдисциплинарни проекти кои се синтеза на уметност и други дејности: уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни формати, како и програми на постојните јавни простори во културата кои дејствуваат интердисциплинарно.

Од реализираните проекти во интердисциплинарната дејност за 2020 година, се издвоија: Театар на навигаторот Цветко, „Мајсторски работилници по актерска игра и театарска режија 2“; ТП самостоен уметник Велимир Жерновски, проект „Друга галаксија“; Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, „Програма на Локомотива во кино Култура – проектен простор за современи изведувачки уметности и современа култура“; Здружение Рајчица – „Јубилејна прослава, 1000 Бигорски манастир“; Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, проект „Учествуваме, застапуваме, менуваме“; Здружение за современа уметност и кураторски практики „Проектен простор „Прес ту егзит“ – Скопје, проект „(Не) дисциплинирано градење на архива“; Здружение на граѓани „Контрапункт“ – Скопје, „Јубилејно петто издание на КРИК – Фестивал за критичка култура –и др. Најголем број од проектите се реализираа во Скопје.

## 3. СЕКТОР ЗА КНИГА

Во 2020 година средствата за литература и издавачка дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 2.336.800,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 73.742.000,00 |
| Публикации | 67.435.000,00 |
| Списанија | 1.325.000,00 |
| Електронско издаваштво | 740.000,00 |
| Манифестации и други литературни проекти | 4.242.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од издавачката дејност беа поддржани 1063 проекти, од кои беа реализирани 1000 проекти, односно 94 % од вкупно поддржаните проекти во 2020 година.

Секторот за книга во 2020 година продолжи успешно да поддржува различни видови активности со кои се стимулира и се развива издавачката дејност и литература во Република Северна Македонија. Во оваа година се поддржаа проекти од повеќе области на издавачката дејност: 854 публикации, 46 списанија, 28 проекти од електронското издаваштво и 72 манифестации и други литературни проекти.

Во листата на поддржани изданија се најдоа дела на млади автори кои ја градат својата професионална репутација на национално и на меѓународно ниво, но и на етаблирани, потврдени автори со светско реноме. Меѓу нив се издвојуваат Румена Бужаровска, Петар Андоновски, Фросина Пармаковска, Владимир Јанковски, Владимир Мартиновски, Томислав Османли, Веле Смилевски, Луан Старова, Митко Манџуков, Горан Стефановски. Беа поддржани и остварувања на автори од другите етнички заедници како Бесник Мустафај, Селадин Салихи, Џабир Ахмети, Азис Селим итн. Министерството за култура обезбеди поддршка за сите издавачки куќи кои со години егзистираат во македонскиот културен простор, но и поновите кои нудат квалитетна продукција на дела; институти и здруженија кои промовираат автори од сите етникуми кои творат на македонски, албански, турски, српски, ромски јазик.

Од особено и исклучително значење е што и покрај вонредните услови за реализација на проектите, се задржа континуитетот на одржувањето на

манифестацијата „Струшки вечери на поезијата“, која го реализираше своето 59. Издание, потоа „Рациновите средби“, „Деновите на Наим“ и др.

Во рамките на дејноста беа поддржани и проекти за превод на македонски автори на странски јазици преку Конкурсот за финансирање преводи на странски издавачи на репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици за 2020 година.

Забелешка: Реализацијата на фестивалите и манифестациите од областа на театарската дејност, музичко-сценската дејност, фолклорот и сценско-уметничката дејност и издавачката дејност, кои се финансираат од посебна буџетска програма (програма 70), е прикажана во рамките на дејностите.

## *4. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО*

Во 2020 година средствата од музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 80.180.958,00 |
| Програмски средства<br>(проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 58.297.935,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | 21.302.275,00 |
| Отпремнини и парична помош за вработените | 580.748,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 17.270.405,00 |
| Локални установи | 4.655.500,00 |
| Други буџетски корисници | 2.698.905,00 |
| Здруженија на граѓани и НВО | 8.153.000,00 |
| Поединци – физички лица | 1.763.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство беа поддржани 401 проект од областа на археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, природонауката и заштитата на нематеријалното културно наследство, и тоа:
172 проекта на национални установи, 51 проект на локални музејски установи, 14 проекти на други буџетски корисници, 62 проекта на здруженија на граѓани и НВО и 16 проекти на поединци - физички лица. Од нив беа реализирани 315 проекти, односно 78,6 % од одобрените проекти во 2020 година.

Во програмата за 2020 година фокусот беше ставен на: систематските археолошки ископувања, природонаучните и етнолошките истражувања,

каталогизацијата, непосредната конзервација на музејските предмети и заштитата на визуелната етнологија, откупот, воспоставувањето нови музејски поставки, гостувањата на повремени изложби, популаризацијата и презентацијата на нематеријалното културно наследство, како и дигитализацијата на духовното културно наследство.

Приоритет беше остварувањето на непосредната заштита на сите видови движно културно наследство, вклучително и валоризацијата и ревалоризацијата на движното и духовното културно наследство, обезбедувањето траен електронски запис и ефикасен пристап до документацијата за културното наследство и поттикнувањето на националните и на локалните установи за поголема соработка со граѓанскиот сектор и со организациите на лицата со попреченост.

Во 2020 година средствата во областа на заштитата на недвижното културно наследство беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 58.842.232,00 |
| Програмски средства<br>(проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 49.832.518,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | 6.499.881,00 |
| Отпремнини и парична помош за вработените | 509.833,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | 4.530.500,00 |
| Локални установи | 375.000,00 |
| Други буџетски корисници | 242.000,00 |
| Здруженија на граѓани и НВО | 3.753.500,00 |
| Поединци – физички лица | 160.000,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од областа на заштитата на недвижното културно наследство беа поддржани 137 проекти на 12 национални установи, 3 локални музејски установи, 13 субјекти од категоријата на други корисници и 3 поединци – физички лица. Од нив, целосна или делумна реализација имаа вкупно 113 проекти, односно 82,48 % од вкупно одобрените проекти за 2020 година.

Во оваа област, и во 2020 година, вниманието беше насочено кон адекватната заштита на сакралните и на профаните споменици на културата, како и на откриените структури од археолошките истражувања. Како позначајна активност во овој период се издвојува целосното завршување на повеќегодишниот проект за обнова на конаците во манастирскиот комплекс „Трескавец“. Исто така, во 2020 година се изведуваа и повеќегодишни проекти: конзервацијата на црквата Св. Ѓорги во ресенското село Курбиново; адаптацијата на објектот Св. Ѓорги/Мехмед Ефенди – Јени џамија во галериски простор; конзервацијата на ѕидното сликарство на манастирската црква Св. Димитрија, Под Кале – Велес; санацијата на влезната партија на археолошкиот локалитет Тетовското кале Бал Тепе – Тетово, како и ревитализацијата на Алим-беговата куќа во Тетово. Од иницијативите во Програмата за работа на Владата, целосно е реализирана првата фаза од конзервацијата на црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во селото Лешок, Тетово, која се однесува на препокривање, консолидација на архитектонскиот склоп и запирање на навлегувањето на атмосферската и капиларната влага во објектот.

Во 2020 година средствата во областа аудиовизуелните добра беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национална установа Кинотека на РСМ | 5.661.557,00 |
| Програмски средства<br>(проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 5.098.775,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | 462.712,00 |
| Отпремнини и парична помош за вработените | 100.070,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од областа на заштитата на аудиовизуелните добра за 2020 година беа подржани 9 проекти на 1 национална установа (НУ Кинотека на РСМ).

Значајна ставка во Програмата за 2020 година беше финансирањето на процесот на реставрација и дигитализација на најзначајните домашни филмски опуси. Во овој контекст, во февруари беше завршена дигитализацијата на 21 краток филм, а до крајот на годината беше направена реставрација на филмот „Мирно лето“ на режисерот Димитрие Османли од 1961 година и дигитализација на филмот „Фросина“ на режисерот Воислав Нановиќ од 1952 година. Иако во отежнати услови на реализација и комуникација поради КОВИД-19 кризата, во летното кино беа прикажани повеќе филмски остварувања во летното кино.

Во 2020 година средствата од буџетската програма за библиотечната дејност беа распределени за следниве намени и активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 13.449.638,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комуналии, греење | 6.926.988,00 |
| Отпремнина, солидарна парична помош за вработените , комисии, пренесена обврска | 747.865,00 |
| Локални установи | 393.800,00 |
| Здруженија на граѓани | 575.000,00 |

| | |
|---|---|
| *Вид на активности кои се спроведуваат од НУ и од други корисници* | |
| Непосредна заштита и дигитализација | 699.000,00 |
| Откуп на задолжителен примерок на изданија | 1.200.000,00 |
| Набавка на книжен фонд (домашни и странски публикации) | 3.497.500,00 |
| Стручна обработка на публикации, библиографска дејност и каталогизација, превод | 275.000,00 |
| Одржување на информацискиот систем COBISS.МК; Стручно усовршување на кадар во библиотечното работење - обука и опрема за пристап и непречен проток на информации во библиотечно информацискиот систем COBISS.МК | 6.134.000,00 |
| Промовирање и презентирање на тековната книжна продукција и на книжното наследство | 286.500,00 |
| Валоризација и ревалоризација на библиотечни добра | 60.000,00 |
| Подготвување и реализирање на интерактивни образовни програми особено за деца, ученици и студенти и лица со посебни потреби | 467.000,00 |

На Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата во библиотечна дејност беа поддржани вкупно 124 проекти, и тоа: 101 проект на 5 национални библиотечни установи, 12 проекти на други национални установи, 19 проекти на 11 локални установи и 4 проекти на 4 здруженија на граѓани. Од нив беа реализирани 109 проекти, односно 88 % од вкупно одобрените средства за оваа година

Почитувајќи ги законските рамки на стандардизираното работење на библиотеките и рамките на буџетот за библиотечната дејност, во 2020 година Министерството за култура во 2020 година поддржа проекти од библиотечната дејност во согласност со приоритетите: непосредна заштита, набавка на домашни и странски публикации, стручно усовршување на кадар од областа на библиотечната дејност, обука и опрема за пристап и непречен проток на информации во библиотечно-информацискиот систем COBISS.МК, промовирање и презентирање на тековната книжна продукција и на книжното наследство, валоризација и ревалоризација на библиотечни добра, подготвување и реализирање на интерактивни едукативни онлајн програми за презентација и популаризација на културното наследство за деца, ученици и студенти и лица со посебни потреби.

Во согласност со стратегиските принципи, насоки и приоритети за демократизација на културата, европските перспективи, креативноста, плурализамот, децентрализацијата и деметрополизацијата на културата, грижата за различностите, а имајќи ја предвид културата како фактор на општиот развој, конкурсот се отвори и за граѓанскиот сектор и во та смисла беа поддржани проекти на здруженија на граѓани кои ја афирмираат вредноста на социолошко-образовната функција што ја имаат библиотеките.

Заштитата на целокупниот библиотечен материјал во 2020 година опфати повеќе мерки и постапки за спречување, одложување или намалување на оштетувањето на библиотечниот материјал, со особено внимание кон библиотечните добра. Освен примарната заштита и конзервацијата, се поддржуваше и процесот на дигитализацијата како исклучително важен вид на заштита. Движното културно наследство, кое е составен дел на фондовите на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје, според своето значење е категоризирано како културно наследство од особено значење, поткатегории исклучително и големо значење. Оттаму, согласно пропишаниот режим на заштита од прв степен, а заради намалување на ризикот од оштетување при користење на оригиналните материјали, голем дел од заштитените добра (словенските и ориенталните ракописи, инкунабулите, дел од ретката периодика и цртежите, разгледниците и др.) се дигитализирани, а за задоволување на потребите на корисниците се користат дигиталните копии.

Збогатувањето на книжниот фонд се поддржа како една од примарните функции на секоја библиотека преку која се следи тековната издавачка продукција, која се обработува и станува јавно достапна за користење. Со купувањето на публикации за меѓународна размена, на меѓународната јавност перманентно ѝ се презентира и ѝ станува достапна книжната или поинаку публикуваната домашна продукција со што таа е застапена во голем број светски библиотеки, универзитетски, славистички и научни центри.

Исто така, во 2020 година се подготвија повеќе информации за националната издавачка продукција преку изработка и објавување на македонската тековна библиографија и други библиографии кои ја презентираат издавачката продукција на монографски публикации, статии и прилози и сериски публикации издадени во Република Северна Македонија. Домашната тековна библиографија се дистрибуира до библиотеките во Република Северна Македонија и до сто дваесет светски библиотеки, со што се афирмираат македонските културни и научни достигнувања.

Во 2020 година се поддржа и организацискиот модел на поврзување на библиотеките во единствениот национален библиотечно-информациски систем на заемна каталогизација (COBISS.МК) кој го сочинуваат Центарот на библиотечно-информациски систем на Националната библиотека и сите библиотеки во Република Северна Македонија, како и информацискиот систем за научно- истражувачка дејност во Република Северна Македонија E-CRIS.MK. Овие системи овозможуваат поврзување и соработка со други библиотечно-информациски системи во странство и обезбедуваат усогласено, стандардизирано и економично библиотечно работење, рационално користење на библиотечниот материјал и задоволување на потребите од информации. Министерството за култура ги покрива трошоците за лиценците за работните станици на 77 корисници од кои една третина се библиотеки на високообразовни установи, институти, на МАНУ, државни органи, Народната банка на Република Северна Македонија и Државниот завод за статистика.

Поддршката на стручноста е премиса на остварување на заштитата. Во пропишаните постапки за избор и преизбор во стручни библиотечни звања во 2020 година, стручната комисија за избор и преизбор во библиотечни звања предложи да бидат избрани во повисоко стручно звање 12 вработени, и тоа: 5 библиотекари советници и 7 виши библиотекари.

## *5. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО*

Во 2020 година средствата за меѓународна дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | |
| - Програма 90 (Билатерална, мултилатерална и соработка со НР Кина) | 5.160.011,00 |
| - Програма 93 (Центри во странство) | 0,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2020 година | |
| - Програма 90 (Билатерална, мултилатерална и соработка со НР Кина) | 42.931.220,00 |
| - Програма 93 (Центри во странство) | 15.811.638,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата во меѓународната дејност беа поддржани 286 проекти, од кои беа реализирани 138 проекти, 48 % од одобрените проекти за 2020 година во програма 90, односно 22 % во програмата за центрите во странство. Ова се должи, пред сѐ, на спецификата на дејноста, односно на рестрикциите што беа воведени од одредени држави и кои ја оневозможија реализацијата на проектите. Во таа смисла, претставувањата на културата на Република Северна Македонија се ограничија само на соседството и регионот.

Заложбите на Министерството за култура и во 2020 година беа да се поддржат квалитетни проекти во функција на промоцијата на културата на Република Северна Македонија во меѓународни рамки и со цел поголема видливост во регионот, Европа и во светот; да се стимулира креативниот уметнички потенцијал и да се овозможи негово претставување на реномирани културни настани со меѓународен карактер како и да се создадат услови за стручно усовршување на талентираните млади кадри во странство.

Посебен акцент беше ставен на усогласувањето на културните политики во Република Северна Македонија со релевантните културни политики, пред сѐ, на ОН, УНЕСКО, ЕУ, како и на активната партиципација на нашата држава во политиката на ЕУ за отворање и збогатување на европскиот културен простор.

- **Меѓународни документи, спогодби и програми за соработка**

Министерството за култура ја остварува билатералната соработка со другите земји и врз основа на меѓународни документи, спогодби и програми, кои воспоставуваат правна рамка за институционално поврзување меѓу државите. Досега Министерството за култура на Република Северна Македонија има потпишано 33 спогодби и договори со неограничена временска рамка, а во текот

на 2020 година се вршеше усогласување на текстовите на билатералните документи со: Италијанската Република, Република Србија, Унгарија, Република Косово, Португалската Република, Република Австрија итн.

- **Учества на меѓународни настани, традиционални манифестации, комплексни претставувања**

Република Северна Македонија континуирано партиципира на светски етаблираните културни настани од типот на Биеналето на ликовната уметност и на архитектурата во Венеција. Во 2020 година, поради пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, манифестацијата не се реализираше, односно таа ќе се одржи во 2021 година.

Во согласност со резултатите од објавениот конкурс за претставување на Република Северна Македонија на овој настан во 2020 година, нашата држава на овој престижен настан ќе биде претставена со проектот „Како ќе живееме заедно“ на Друштвото за проектирање, инженеринг и услуги „Бина архитектура Дооел“.

Во контекст на континуираното присуство на Република Северна Македонија во светските метрополи, треба да се спомене и одржувањето на традиционалната манифестација „Македонија во чест на Св. Кирил во Рим“, која се реализира веќе пет децении. Во 2020 година, поради пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, Република Северна Македонија немаше одбележување на овој значаен датум во Рим.

- **Саеми на книгата**

Република Северна Македонија со исклучително внимание настојува да ги претстави своите книжевни, преведувачки и издавачки достигнувања на светските книжевни настани. Во 2020 година во рамките на Конкурсот беа поддржани учествата на франкфуртскиот и на истанбулскиот саем, кои, исто како и саемите во Лајпциг и во Тирана, беа откажани.

- **Културно-информативни центри во странство**

Министерството за култура, преку своите годишни програми, континуирано поддржува и проекти кои се реализираат во културно-информативните центри во странство и кои овозможуваат претставувања на творештвото на авторите од Република Северна Македонија како и збогатување на нивните искуства и контакти.

Во изминатите години се зголеми интересот за отворање нови центри. Во таа смисла, иницијативата за формирање културни центри во Република Северна Македонија и во Република Албанија постоеше многу одамна. Спогодбата за отворање центри во двете држави стапи во сила на 1 април 2020 година. За директор на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Тирана е именуван Златко Ориѓански и се очекува во 2021 година овој центар да започне со активна работа.

Програмата на центрите во странство предвидена за 2020 година беше реализирана во многу мал процент поради актуелната здравствена криза.

Повеќе години Министерството за култура на годишно ниво поддржува и двомесечен престој на 6 македонски уметници во македонското ателје при Меѓународниот град на уметностите во Париз. Овој престој е убава можност за уметниците од нашата земја да соработуваат со своите колеги од светот и да реализираат изложби во овој реномиран културен простор. Во 2020 година поради пандемијата, не беше реализиран престојот на уметниците во Париз.

- **Мултилатерална соработка**

Што се однесува до мултилатералната соработка, Министерството за култура, во чии рамки дејствува Националната комисија за УНЕСКО, во 2020 година беше вклучено во проекти и иницијативи на Организацијата.

Во оваа насока треба да се истакне дека особено внимание беше посветено на активностите кои се однесуваат на состојбата со „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“, кој како добро е впишан на Листата на УНЕСКО за светско природно и културно наследство. До Центарот за светско наследство на УНЕСКО беше доставен Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките по Одлуките од Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Краков, 2017 година) и Одлуките од Комитетот 43 COM 7B.36 и 43 COM 8B.9 (Баку, Азербејџан 2019 година).

Во јануари 2020 год. во Охрид се одржа првиот меѓувладин состанок на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро, во согласност со договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија, потпишан во 2004 година, на кој присуствуваа претставници на националните комисии за УНЕСКО на Република Северна Македонија и на Република Албанија, претставници на надлежните институции и органи, и претставници на локалните власти, Охрид и Поградец. Во периодот од 31 јануари до 1 февруари 2020 година во нашата држава беше реализирана Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО со претставници на советодавните тела на оваа организација, која имаше цел да го утврди степенот на заштита на природното и културното наследство во Охридскиот Регион, односно да го утврди прогресот во исполнувањето на препораките на мисијата од 2017 година.

Во рамките на Повикот на Центарот на УНЕСКО за светско наследство за финансирање проекти од областа на заштитата на културното наследство за 2021 година, од страна на нашата држава беше доставен проектот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, како и проектот за црквата „Св. Ѓорѓи“ во Курбиново. Треба да се истакне дека за оваа црква беше

доставен предлог за поставување на Тентативната (привремена) листа на УНЕСКО за светско наследство.

Во врска со заложбите на државите за заштита на културното наследство, на барање од Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција и Антена Канцеларијата на УНЕСКО во Сараево беа доставени номинации за контакт-лица од надлежните институции и органи кои ќе учествуваат во проектот „Борба против нелегалната трговија со културната сопственост во Западен Балкан", финансиран од страна на Европската комисија, со времетраење од 36 месеци, кој треба да започне во 2021 година.

Што се однесува на активностите на УНЕСКО поврзани со имплементацијата на Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство во Република Северна Македонија, наши експерти учествуваа на состаноците организирани од Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција и Регионалниот центар за заштита на нематеријалното културно наследство во Софија.

Во рамките на регионалната соработка, македонска делегација, предводена од министерот за култура, учествуваше на конференцијата на Советот на министри за култура на Југоисточна Европа (CoMoCoSEE), која се одржа на 1 февруари во Риека во рамките на претседателството на Хрватска со оваа регионална платформа „Јакнење на културата во функција на одржливиот развој", а на тема „Поддршка на мобилноста на уметниците во регионот на ЈИЕ". Состанокот беше организиран во рамките на церемонијалната прослава посветена на престижната титула на градот Риека, Европска престолнина на културата за 2020 година.

Министерството за култура активно учествуваше и во заедничкиот проект „Образование за холокаустот и меѓукултурното разбирање во Југоисточна Европа: обновување на ексјугословенскиот павилјон во Аушвиц-Биркенау", кој беше координиран од Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција. Проектот е заеднички развиен од страна на шест држави (Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Северна Македонија), во соработка со УНЕСКО, и се фокусира на обновување на изложбениот простор на Блок 17 во Аушвиц - Национален музеј Биркенау, Полска (впишан на листата на светско наследство) и создавањето на заедничка постојана изложба за холокаустот. Нашата држава, со потпишување на заедничко писмо со другите држави, даде согласност, Република Австрија да посредува во целиот процес на организирањето на изложбата.

Во Програмата на УНЕСКО за прославување на јубилеи на историски настани и еминентни личности за периодот 2020 - 2021 година, беа прифатени

јубилеите „100 години од раѓањето на Блаже Конески“ и „50 години од смртта на Параскеви Кирјази“. За одбележувањето на јубилејот „50 години од смртта на Параскеви Кирјази“ беше испечатена публикација и беше изработено видео, а за јубилејот „100 години од раѓањето на Блаже Конески“ беше подготвена комплетна програма за реализација на активности во 2021 година.

Во рамките на двегодишната Програма за партиципација на УНЕСКО, за периодот 2020 - 2021 година беа поднесени 7 предлог-проекти за финансиска поддршка во рамките на оваа програма, додека на Конкурсот на УНЕСКО за финансирање проекти од Меѓународниот фонд за културната разноликост за 2020 година, од страна на нашата држава, во онлајн платформата на УНЕСКО за понатамошна финална селекција, беа поднесени 2 проекта.

Во контекст на мултилатералната соработка, се издвојува и работата на Координативниот центар за културна соработка меѓу НР Кина и земјите од Централна и Источна Европа во Република Северна Македонија. Планот за соработка во културата за 2020 година во областа на културните и креативните индустрии, културното наследство, филмот и музичко-сценската дејност, кој произлезе од Скопската декларација за културна соработка на земјите учеснички во Процесот „17+1“ не се реализираше и во таа смисла, дел од активностите ќе се реализираат во 2021 година.

За членувањето во меѓународните организации, во кои партиципираме како држава преку своите институции, здруженија и експерти од областа на културата и кои се со консултативен статус при УНЕСКО и други меѓународни организации, Министерството за култура и во 2020 година обезбеди финансиска поддршка за покривање на трошоците за годишните котизации/членство и за реализација на одредени активности во рамките на соодветните меѓународни организации (ИКОМ, ИКОМОС, ИСТМ, АИКА, ИССН, ИФЛА, АЦЕ, ФИАФ, ЦИОФФ).

Во рамките на членувањето во Меѓународната фондација „Форум на словенските култури“, и во 2020 година, како една од земјите основачи, преку Министерството за култура се вклучивме во сите иницијативи и активности на оваа еминентна организација.

## ***<u>6. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ</u>***

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес беа поддржани 10 проекти на националните установи, од кои се реализираа 6 проекти, односно 60 % од поддржаните проекти во 2020 година. Во рамките на програмата „Креативна Европа“ беа поддржани 9 проекти на други корисници, од кои се реализираа 8, односно 89 % од одобрените проекти.

| Програмски активности | Исплатени |
|---|---|

| | |
|---|---|
| | средства |
| Национални установи | Вкупно: 444.000,00 |
| - програмски средства (финансиска поддршка за одобрени проекти на националните установи на Конкурсот за 2020 година) | 444.000,00 |
| | |
| Други корисници<br>Програма ,,Креативна Европа -потпрограма Култура (2014 - 2020)“ | Вкупно: 4.219.157,00 |
| Поддржани проекти од програмата на Креативна Европа (2014 - 2020) – потпрограма Култура на правни лица од Република Северна Македонија | 3.103.157,00 |
| Влезен билет за програма ,,Креативна Европа - потпрограма Култура (2014 -2020)“ | 1.116.000,00 |
| Вкупно исплатени средства за реализација на Програмата на Секторот за европски интеграции | Вкупно: 4.663.157,00 |

Во контекст на администрирањето на програмата Креативна Европа – потпрограма Култура, во текот на 2020 година беше остварена континуирана комуникација со Канцеларијата на Креативна Европа – програма МЕДИА при Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, партнерска организација на Министерството за култура, во насока на спроведување на акцискиот план за 2020 г. и на другите административни обврски што произлегуваат од Специфичниот грант-договор бр. 596582– CREA-3 – 2020 – MK – CULT – CEDESK за кофинансирање на Канцеларијата на Креативна Европа (Култура и МЕДИА) за 2020 година.

Исто така, интензивна беше комуникацијата со другите канцеларии на Креативна Европа и Европската комисија, како и со Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при Европската Комисија. Поради ситуацијата со КОВИД-19, но и поради програмскиот и финансискиот вакуум што се создаде во Европската комисија во администрирањето при трансформацијата на програмата Креативна Европа во новиот програмски циклус од 2021 до 2028 година, Европската комисија им понуди можност на канцелариите за Креативна Европа за екстензија на грант-договорите од 2020 година за шест месеци, односно до 30 јуни 2021 г. Во согласност со насоките на Европската комисија, се ревидираа акцискиот план и буџетот на Канцеларијата за периодот од јануари 2021 до 30 јуни 2021 година. Ревизијата е направена имајќи ги предвид ситуацијата со КОВИД-19 и фокусот на Европската комисија кон поголема промоција на резултатите од имплементацијата на програмата Креативна Европа во изминатите седум години (2020 година односно 2021 година е завршна година

од седумгодишниот финансиски циклус на оваа програма). Ревидираната апликација беше доставена до Извршната агенција во согласност со крајниот рок, 30 ноември 2020 година.

Во декември 2020 година беше објавен Конкурс за учество во финансирање на правни лица од Република Северна Македонија кои се поддржани од програмата Креативна Европа – потпрограма Култура на ЕУ за 2021 година, а со цел да се обезбеди континуитет во поддршката на нашите организации чии проекти се веќе одобрени од програмата Креативна Европа – Култура во реализацијата на нивните повеќегодишни активности.

Во контекст на реализираните активности во 2020 година поврзани со Агендата на ЕУ за Западен Балкан за истражување, иновации, образование, култура, млади и спорт, Министерството за култура/Секторот за евроинтеграции учествуваше во подготовката на приоритетите на Агендата на ЕУ за Западен Балкан за истражување, иновации, образование, култура, млади и спорт. Во организација на Министерството за култура и Канцеларијата за Креативна Европа - потпрограма Култура, на 4 и 5 февруари 2020 година во Скопје се одржа дводневен регионален семинар посветен на „Поддршката на Европската Унија за културна соработка на Западен Балкан: Семинар за промоција и вмрежување“. Регионалниот семинар се реализираше во соработка со Европската комисија (Генерален директорат ЕАК), Делегацијата на Европската комисија во Скопје и канцелариите на Креативна Европа од 8 земји од Западен Балкан и ЕУ, а со цел промоција на пилот-акцијата на потпрограмата Култура на Креативна Европа посветена на соработка со Земјите од Западен Балкан, како и вмрежување на потенцијални организации од регионот и пошироко.

Во текот на 2020 година се реализираа и активности во рамките на Програмата на Советот на Европа за анализа и оцена на културните политики во Република Северна Македонија (Cultural Policy Peer Review). Во таа смисла, беше остварено учество на подготвителниот состанок за организација на предвидените средби меѓу претставниците на Советот на Европа и на Агенцијата КЕА од Брисел со претставниците на јавните институции, невладините организации од областа на креативните индустрии и странските амбасади и организации, а Министерството за култура активно партиципираше и во подготовката на состанокот меѓу Советот на Европа и амбасадите/меѓународните организации во Република Северна Македонија (Делегацијата на ЕУ во Скопје, Американска амбасада, ГЕТЕ-институтот во Скопје, Францускиот институт и Британскиот совет).

## *7. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ*

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи од областа на културата во 2020 година, Министерството за култура поддржа вкупно 40 проекти кои беа содржани во годишните програми за работа на националните установи . Министерството за култура склучи договори за финансирање проекти содржани во Годишната програма за работа на националните установи од областа на културата за 2020 година во делот на инвестициско одржување, адаптација и набавка на опрема за установата во вредност од 16.836.642,00 денари. Од вкупно одобрените проекти за кои се доделени договори се реализираа 11 проекти во вредност од 4.600.272,00 денари.

| Реализирани проекти: | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Назив на националната установа | Назив на проектот | Финансиран износ на проектот |
| 1 | НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово | Набавка на техничка опрема за осветлување | 693.450,00 |
| 2 | НУ Национална опера и балет | Периодичен преглед на ПП-апаратите и на хидрантската мрежа | 290.438,00 |
| 3 | НУ Национална опера и балет | Испитување и одржување на лифтовите | 151.680,00 |
| 4 | НУ ЦК Битола | Промена на врати во НУ ЦК Битола | 430.000,00 |
| 5 | НУ Музеј Куманово | Реновирање на Меморијалниот центар „АСНОМ“ во село Пелинце | 437.490,00 |
| 6 | НУ Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево | Санација на дел од амфитеатарот | 931.198,00 |
| 7 | НУ Филмски центар „Вардар филм Македонија“ | Сала за проекции во НУ ФЦ Вардар филм – Скопје | 353.633,00 |
| 8 | НУ Музеј „Западна Македонија во НОВ" – Кичево | Промена на електрична инсталација | 39.625,00 |
| 9 | НУ Театар за деца и младинци | Санирање на одводна атмосферска инсталација | 199.626,00 |
| 10 | НУ Драмски театар | Реконструкција на прозорците, на фасадата и на административниот дел, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | сценскиот под и тоалетите за публика во фоајето на театарот | 588.954,00 |
| 11 | НУ Национална филхармонија | 1. Одржување на лифтовите и набавка на делови<br>2. Одржување и сервисирање на машинската сала | 484.178,00 |
| Вкупно: | | | 4.600.272,00 |

Ниският степен на реализација на проектите во текот на 2020 година најмногу се должи на забраната за привремено набавување мебел, опрема и возила, донесена на седница на Владата на Република Северна Македонија во април 2020 година.

Министерството за култура донесе и Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година како и Програма за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година.

Согласно  оваа програма, се реализираа следниве проекти:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Реализиран износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Иљо Антески-Смок“ – Тетово | 82.279.708,00 |
| 2 | Изградба на Театарот во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј –Струмица | 5.177.532,00 |
| 3 | Изведување на завршни работи за објектот Театар Велес | Министерство за култура | 2.422.081,00 |
| 4 | Реконструкција на објектот на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“во Куманово – зграда на театарот, обезбедување на проектна документација | Министерство за култура | 1.061.823,00 |
| 5 | Реконструкција на НУ Албански театар во Скопје – документација за | НУ Албански театар во Скопје | 70.800,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | технички преглед | | |
| | Вкупно: | | 91.011.944,00 |

Од планираните намалени финансиски средства за реализација на оваа програма во износ од 96.550.708,00 денари, средства обезбедени од Буџетот на Министерството за култура, реализирани се вкупно 91.011.944,00 денари, односно финансиска реализација е 94,2 %.

Во 2020 година Министерството за култура склучи договори со единиците на локалната самоуправа за реализација на капитални дотации во областа на културата. Степенот на реализација е следен:

| Ред. број | Корисник | Назив на проектот | Реализирано - конечна вредност на договор |
|---|---|---|---|
| 1 | Општина Боговиње | Изградба на дом на култура во Општина Боговиње за завршување на бетонски и армирачки работи и работи на покривот | 21.198.095,00 |
| 2 | Град Скопје | 2. Санација и адаптација на просторот во ЈУ Библиотеката „Браќа Миладиновци“ – Скопје (2.769.590,00) | 2.768.988,00 |
| 3 | Општина Струмица | Пренамена и адаптација на деловен простор во уметничка галерија во Струмица | 5.478.740,00 |
| 4 | Општина Јегуновце | Техничка документација за театар – Дом на култура – киносала во Јегуновце | 2.874.480,00 |
| 5 | Општина Градско | Опремување на Домот на културата „Крсте Петков Мисирков“ во Градско | 474.277,00 |
| Вкупно: | | | 32.794.580,00 |

## ***8. <u>СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ</u>***

Секторот за јавни набавки на Министерството за култура своите активности во текот на 2020 година ги насочи, пред сè, кон реализација на своите надлежности утврдени во Правилникот за внатрешна организација на

Министерството за култура, а особено кон навремено донесување и реализација на Планот за јавните набавки на Министерството за култура за 2020 година.

Со донесениот Годишен план за јавни набавки на Министерството за култура за 2020 година, беа предвидени 36 јавни набавки.

Од предвидените набавки, 4 се спроведоа преку Службата за заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, и тоа:

- Набавка на угостителски услуги во објект на Министерството за култура;
- Набавка на услуги за резервација на авиобилети;
- Набавка на услуги за мобилен оператор и
- Набавка на услуги за фиксен оператор.

Исто така, Министерството за култура донесе: Решенија за набавка на угостителски услуги; Решение за набавка на хотелски услуги; Решение за набавка на образовни услуги и услуги за стручно усовршување во вкупен нето-износ од 615.000,00 денари.

Од преостанатите 29 јавни набавки, според поделбата „вид на договор за јавна набавка“, се реализирани следниве набавки:

| **Набавка на стоки** | |
|---|---|
| Назив на јавна набавка | Вредност на склучен договор со ДДВ |
| Набавка на гориво | 1.994.200,00 денари |
| Набавка на канцелариски материјали и тонери | 230.551,00 денари |
| Набавка на електрична енергија | 2.189.646,00 денари |

| **Набавка на услуги** | |
|---|---|
| Назив на јавна набавка | Вредност на склучен договор со ДДВ |
| Услуги за вршење превод | 590.000,00 денари |
| Сервисирање на моторни возила | 1.994.200,00 денари |
| Сервисирање на компјутери, лаптопи и печатачи | 177.000,00 денари |
| Услуги од авторска агенција | 1.416.000,00 денари |
| Услуги за изработка на дипломи, папки за дипломи, плакети и кутии за државни награди | 708.000,00 денари |
| Услуги од новинска агенција | 339.840,00 денари |
| Услуги за осигурување на имот –објекти и опрема на НУ и МК | 1.514.305,00 денари |

III. Набавка на работи:

- Иако во Годишниот план за јавни набавки беа предвидени 6 набавки на работи (за изведба и реконструкција), тие не се реализирани.

Во текот на 2020 година беа спроведени 2 јавни набавки со примена, односно по пат на постапка со преговарање без објавување оглас, во согласност со член 55 став 1 точка г) и став 6 од Законот за јавните набавки. Овие постапки беа спроведени во услови на глобална пандемија, а се однесуваат на набавка на медицински ракавици и заштитни маски за вработените во Министерството за култура.

Со цел запазување на принципот на транспарентност на јавните набавки, Годишниот план за јавни набавки е објавен на веб-страницата на Министерството за култура.

Исто така, сите огласи објавени на ЕСЈН, како и известувањата за склучените договори, тековно се објавувани на веб-страницата на Министерството за култура.

## *9. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА*

Во рамките на своите надлежности, Секторот за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права во 2020 година реализираше повеќе активности.

**Донесени акти од нормативната дејност**

1. План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 година – 2029 година) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 45/20)
2. Уредба со законска сила за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/02) - Со оваа Уредба со законска сила се овозможи финансиска поддршка на самостојните уметници за месеците април и мај 2020 година во месечен износ од 14.500,00 денари.
3. Уредба со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 139/20 и 169/20) - Уредбата ја спроведе Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и со неа се овозможи филмските работници кои ги исполнуваат условите утврдени со Уредбата да добијат финансиски средства за месеците април и мај 2020 година во месечен нето-износ од 14.500,00 денари.
4. Уредба со законска сила за финансиска поддршка на уметниците и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба („Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр. 139/20) - Со Уредбата се овозможи уметниците и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата кои ги исполнуваат условите утврдени со Уредбата да добијат финансиски средства за месеците април и мај 2020 година во месечен нето-износ од 14.500,00 денари.

5. Уредба со законска сила за примена на Законот за културата за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 169/20) - Со Уредбата, рокот за донесување на нацрт-годишна програма за работа на националните установи се продолжи до 1 август 2020 година.
6. Одлука за финансиска поддршка на уметници и на културни работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 297/20) - Со Одлуката се овозможи уметниците и културните работници да добијат еднократна исплата на финансиски средства за период од три месеци во месечен нето-износ од 14.500,00 денари (до колку уметникот, односно културниот работник во периодот од јануари до август 2020 година остварил приход во нето-износ до 80.000,00 денари од вршење уметнички или стручни работи во културата според евиденцијата на Управата за јавни приходи), 18.000,00 денари (до колку уметникот, односно културниот работник во периодот од јануари до август 2020 година остварил приход во нето-износ до 60.000,00 денари од вршење уметнички или стручни работи во културата според евиденцијата на Управата за јавни приходи) или 21.500,00 денари (до колку уметникот, односно културниот работник во периодот од јануари до август 2020 година остварил приход во нето-износ до 40.000,00 денари од вршење уметнички или стручни работи во културата според евиденцијата на Управата за јавни приходи).
7. Одлука за финансиска поддршка на филмски работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 297/20) - Со Одлуката се овозможи филмските работници да добијат еднократна исплата на финансиски средства за период од три месеци во месечен нето-износ од 14.500,00 денари (до колку филмскиот работник во периодот од јануари до август 2020 година остварил приход во нето-износ до 80.000,00 денари според евиденцијата на Управата за јавни приходи), 18.000,00 денари (до колку филмскиот работник во периодот од јануари до август 2020 година остварил приход во нето-износ до 60.000,00 денари според евиденцијата на Управата за јавни приходи) или 21.500,00 денари (до колку филмскиот работник во периодот од јануари до август 2020 година остварил приход во нето-износ до 40.000,00 денари според евиденцијата на Управата за јавни приходи.
8. Одлука за финансиска поддршка на самостојните уметници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 313/20) - Со оваа одлука се даде финансиска поддршка на самостојните уметници за период од три месеци во месечен нето-износ од 14.500,00 денари.

**Предлози на закони/акти доставени до Собранието на Република Северна Македонија**

1. Предлог на закон за остварување на јавниот интерес во културата (во собраниска постапка на донесување)
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците - во собраниска постапка на донесување)
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците - во собраниска постапка на донесување)
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците - во собраниска постапка на донесување)
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците - во собраниска постапка на донесување)
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците - во собраниска постапка на донесување)
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците - во собраниска постапка на донесување)

**Предлог-закони во работна верзија**

1. Изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (Во Министерството за култура веќе се подготвени работни верзии на измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права во насока на хармонизација со Директивата 2014/26/ЕС за колективно управување со авторското право и сродните права и мултитериторијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет, Директивата 2011/77/ЕУ за изменување на Директивата 2006/116/ЕУ за времетраењето на заштитата на авторското право и сродните права, во однос на заштитата на коавторите на музички дела со текст, на времетраењето на заштитата на изведувачите и фонограмските продуценти на снимени музички изведби, односно фонограми од 50 на 70 години), како и соодветно воведување на одредбите од Директивата 2012/28/ЕУ за дозволено користење на делата сираци. Владата на Република Северна Македонија го задолжи Министерството за култура да формира работна група за подготовка на измени на Законот за авторското право и сродните права која даде свое мислење за Нацрт-

текстот на Законот. Измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права се предвидени во Програмата за работа на Владата за 2021 година, како и во програмата НПАА за усвојување до крајот на март 2021 година.

## *10. СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР*

Според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, од страна на инспекторите за култура (вкупно 5 инспектори со овластување и надлежност за вршење работи на инспекциски надзор во областа на културата на целата територија на државата), во текот на 2020 година беа извршени вкупно 115 инспекциски надзори, од кои 40 редовни, 49 вонредни и 26 контролни надзори, и тоа:

- 85 инспекциски надзори, извршени во согласност со Законот за културата (18 редовни, 46 вонредни и 21 контролен), од аспект на работењето и наменското користење на средствата обезбедени преку Министерството за култура од Буџетот на Република Северна Македонија, за програми/проекти од национален интерес во културата за 2019/2020 година, во национални и локални установи од областа на културата, здруженија на граѓани, издавачки куќи и други правни лица регистрирани за вршење соодветна дејност од областа на културата, како и кај физички лица, сите корисници на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за култура;
- 21 инспекциски надзор (18 редовни и 3 вонредни) извршени кај субјектите чиешто работење подлежи на надзор во согласност со Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи;
- 5 инспекциски надзори (3 редовни и 2 контролни) извршени кај субјектот (национална установа) чиешто работење подлежи на надзор во согласност со Законот за музеите и подзаконските прописи;
- 1 вонреден инспекциски надзор извршен кај субјектот чиешто работење подлежи на надзор во согласност со Законот за филмската дејност;
- 1 вонреден инспекциски надзор извршен кај субјектот чиешто работење подлежи на надзор во согласност со Законот за употребата на македонскиот јазик.

За утврдените недостатоци и неправилности од областа на културата, од инспекторите за култура се издадени вкупно 45 решенија за отстранување на утврдените недостатоци и неправилности во определен рок (од кои: 34 решенија со опомена и 11 решенија со наредба во согласност со Законот за културата и новиот Закон за инспекциски надзор – „Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), од кои: 38 по Законот за културата, 2 по Законот за издавачката дејност, 1 по Законот за библиотеките и 4 по Законот за музеите, при што против едно Решение со наредба издадено од аспект на примена на Законот за културата, од страна на субјектот на надзорот на 16.6.2020 година е поднесена жалба до

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, која е одбиена, како неоснована, од страна на второстепената Комисија.

Исто така, во текот на 2020 и 2021 година, за утврдените недостатоци и неправилности од извршените инспекциски надзори во 2020 годинА, сите од аспект на Законот за културата, издадени се вкупно 5 прекршочни платни налози – против едно физичко лице, корисник на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за култура, како и против одговорни лица/в. д. директори и директори и едно поранешно одговорно лице/в. д. директор на национални установи (од кои 4 платни налози се реализирани), и поднесено е едно Барање за поведување прекршочна постапка (против поранешно одговорно лице/в. д. директор на национална установа), при што врз сите основи, вклучително и врз основа на поврат на средства во Буџетот на Република Северна Македонија, евидентирани се 244.625,00 денари. Оттука, на годишното ниво има (оправдани) отстапувања, односно извршени се 25 инспекциски надзори помалку од вкупно планираните надзори за 2020 година.

## *11. СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА*

Во рамките на своите надлежности, Секторот за следење, развој и логистичка поддршка во 2020 година беше фокусиран на изготвување извештаи за развој и логистичка поддршка на Министерството за култура, презентации и медиумски кампањи за потребите на Министерството и на органите во негов состав, подготвување обраќања/материјали за учество на соодветни настани, соопштенија за јавноста и нивно поставување на електронската адреса на Министерството, следење на печатени и електронски медиуми како и ажурирање и креирање на веб-страницата.

Одделението за државни награди, кое е во рамките на овој сектор, ги врши работите што се однесуваат на стручно-административна поддршка на одборите за доделување на државните награди: „Мајка Тереза“, „11 Октомври“, „23 Октомври“, „Св. Климент Охридски“, „22 Ноември“ и „Мито Хаџи Василев-Јасмин“, на стручните комисии, поддршка со стручна и професионална помош од аспект на правни и економски прашања.

Од причини што Собранието сè уште нема формирано одбори за државните награди: „11 Октомври“, „23 Октомври“, „Св. Климент Охридски“, „Мајка Тереза“, „Мито Хаџи-Василев Јасмин“, „Мето Јовановски“, во 2020 година беше доделена само наградата „22 Ноември“, која во процесот на доделување имаше валиден одбор, и тоа на: проф. д-р Џеват Лоши, албанолог и академик Али Алиу, книжевен критичар.